Осигурително брокерско друштво
СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД
БР. 02-533/1
29.05 2023 год.
Битола

ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР
АД БИТОЛА

Врз основа на членовите: 383, 490 од Законот за трговските друштва и член 51 од Статутот на Друштвото, Собранието на акционери на Осигурителното брокерско друштво СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД Битола, со седиште на ул.Димитар Илиевски Мурато бр.5 во Битола, со ЕМБС 7000324, на седницата на годишното собрание, одржана на ден 29.05.2023 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за распоредување на финансиски резултат од деловна 2022 година**
(дивиденден календар)

Член 1

Се утврдува вкупна добивка за 2022 година во износ од 60.497.915,00 денари пред оданочување.

Се утврдува пресметан износ на Данок на добивка за 2022 година во износ од 6.347.733,00 денари.

Се утврдува дека аванс на дивиденда за 2022 година не е исплатен.

Се утврдува нераспределен дел од износ на утврдена добивка за 2022 година во висина од 54.150.182,00 денари.

Се утврдува износ на име законска резерва износ од 10.000.000,00 денари.

Се утврдува дека дел од нераспределениот износ на утврдена добивка од став 4 на овој член се распределува како дивиденда на двата акционери на Друштвото соодветно на нивниот основачки влог и тоа износ од 2.222.222,00 денари на Зоран Пејчиновски и износ од 2.222.222,00 денари на Христо Кондовски (дивиденден календар)

Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.

Последен датум на тргување со право на дивиденда за 2022 година е 10.06.2023 година.

Прв датум на тргување без право на дивиденда за 2022 година е 11.06.2023 година.

Датум на стекнување на право на дивиденда за 2022 година е 12.06.2023 година.

Исплатата на дивиденда за 2022 година ќе се изврши согласно законските рокови, заклучно со 30.09.2023 година.

Се утврдува дека останатиот дел од нераспределениот износ на утврдена добивка од став 4 на овој член се реинвестира во Друштвото во износ од 39.705.738,00 денари.

Член 2

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување.

Битола, 29.05.2023 година

Претседавач,

Зоран Пејчиновски ____________________

Осигурително брокерско друштво СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР 12 АД Битола